44971



II.СТ-369/16

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ** како првостепен граѓански суд преку судијата Мр.Вероника Станојевска постапувајќи по предлогот поднесен од предлагачот- доверител доверител КХ Фурија ДОО со седиште на ул.Бубичева 7, Сплит Р.Хрватска преку полномошник адвокат Владимир Цековски од Скопје достави предлог за отворање на стечајна постапка на должникот Друштво за производство ,трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје со седиште ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје Центар, вон рочиште на ден 05.12.2016 година, го донесе следното,

0804-6/2153

**Р Е Ш Е Н И Е**

I.

**СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство ,трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје со седиште ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје Центар, со трансакциска сметка бр.210061968450171 на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје и со трансакциска сметка бр.210061968450365 на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје со ЕМБС 6196845, единствен даночен број 4030007624760 и приоритетна дејност 64.20 -Дејности на холдинг друштвата

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање на стечајна постапка на ден **16.01.2017 година во 12,30 часот**, во судница број XXIV на III-ти кат, нов дел на овој суд.

II.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ** следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува **Младен Веселинов ул.**[redacted]

**СЕ ОДРЕДУВА ОПШТА ЗАБРАНА** за располагање со целокупниот имот на должникот и овластувањето за располагање со истиот преминува на привремениот стечаен управник.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето се до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско финансиската состојба на должникот.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниците на должникот и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

Да се објави оглас на веб страница на Централен регистар на Република Македонија - Регионална регистрациона канцеларија - Скопје, во Службен весник на Република Македонија и на огласна табла на судот.

Решението да се достави до Централен регистар на Република Македонија - Регионална регистрациона канцеларија - Скопје, поради запишување во трговскиот

регистар, како и до Агенцијата за катастарот на недвижности на Република Македонија заради запишување во јавните книги во кои се врши упис на правата врз недвижности.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Предлагачот- доверител доверител КХ Фурија ДОО со седиште на ул.Љубичева 7, Сплит Р.Хрватска преку полномошник адвокат Владимир Цековски од Скопје достави предлог за отворање на стечајна постапка на должникот Друштво за производство ,трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје со седиште ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје Центар повикувајќи се на тоа дека истиот е неспособен за плаќање.

Постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка, судот оцени дека во конкретниот случај се исполнети условите за поведување на претходна постапка во смисла на член 54 став 1 од Законот за стечај во врска со член 33 од Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај (Службен весник на РМ број 79/2013) и одлучи како под став I од изреката на решението.

Постапувајќи во смисла на член 58 став 1 и став 2 точка 1, 2, 3 и 4 од Законот за стечај и член 59 став 1 и став 4 од Законот за стечај во врска со член 36 од Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај (Службен весник на РМ број 79/2013) судот по службена должност определи мерки за обезбедување како во став II од изреката на решението со кои до донесувањето на одлука по предлогот за отворање стечајна постапка би се спречило да настанат такви промени во финансискиот статус и имотната положба на должникот кои за доверителите би можеле да бидат неповолни.

Судот определи и објавување на ова решение согласно член 60 од Законот за стечај.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**
**II. бр.СТ-369/16 од 05.12.2016 година**

Согласно со ...

**Мр.Вероника Станојевска с.р.**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението не е дозволена жалба

**Д.Н.**

-предлагачот- доверител доверител КХ Фурија ДОО со седиште на ул.Љубичева 7, Сплит Р.Хрватска преку полномошник адвокат Владимир Цековски од Скопје ул.Луј Пастер бр.14/3

-должникот Друштво за производство ,трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје со седиште ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје Центар

- Привремен стечаен управник Младен Веселинов од Скопје
- НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
- Агенција за катастар на недвижности - Скопје
- Централен регистар на Република Македонија - Регионална регистрациона канцеларија Скопје
- Огласна табла на судот